# Проблеми со кои се соочуваат трансродовите лица во здравствениот систем во Република Северна Македонија

Постојат голем број податоци дека трансродовите луѓе имаат генерално полошо здравје од цисродовите луѓе (општата популација). Ова се должи на повеќе фактори. Стравот од предрасудите на здравствените работници и недовербата во добиените услуги се најчестите причини зошто трансродовите луѓе не бараат здравствена заштита. Дури и при барањето основна здравствена заштита (кардиолози, стоматолози, интернисти), трансродовите луѓе се соочуваат со пречки во добивањето квалитетна услуга поради недоволната информираност на персоналот за транс прашањата.

Здравствените услуги за медицинска потврда на родот се специфична категорија на здравствени услуги што треба да се достапни за оние трансродови луѓе кои можат или сакаат да направат медицинска транзиција.

Кај нас сѐ уште се користи старата дијагностичка шифра F64.0, која не само што ги патологизира трансродовите луѓе, туку и не им обезбедува соодветен пристап до потребните медицински услуги. Освен тоа, во многу случаи тие не добиваат ниту основни медицински услуги! Со самото тоа што немаат соодветен пристап, трансродовите луѓе во државата исто така немаат ниту достапност до посакуваната транзиција – хормонска терапија и хируршки интервенции, која се разликува кај секој поединечно според личните желби и потреби. Тоа се должи на немањето регулатива според која би работел Фондот за здравствено осигурување, додека пак Министерството за здравство сѐ уште не спроведува обуки, работилници, едукации за здравствените работници со цел да им ја прикаже целосната слика за ситуацијата во којашто се наоѓаат трансродовите лица.

# Како би ги решиле овие проблеми?

Светската здравствена организација на 25 мај 2019 година ја усвои новата меѓународна класификација на болести ICD-11, ја тргна од листата на болести шифрата F64.0 (нарушување на родовиот идентитет) и воведе посебна глава за сексуалното здравје. Во главата Сексуално здравје воведени се две нови шифри: (1) родова неусогласност кај возрасни и (2) родова неусогласеност кај адолесценти, што ќе има служат како основа за добивање здравствени услуги во системот на здравствена заштита на оние трансродови луѓе кои ќе се одлучат на медицински интервенции за медицинска потврда на родот. Според СЗО, Република Северна Македонија има период од три години, односно до јануари 2022 година, да го приспособи својот систем за здравствена заштита според новата класификација. Ова треба да влијае врз процесот на промена на законодавството, со тоа што по усвојувањето на нови законски одредби не треба да се бара дијагноза. Процесот на подготовка на државите за спроведување на новата класификација вклучува и подигање на капацитетите, и подобрување на услугите за унапредување на здравјето на трансродовите луѓе.

# Како решавањето на овие проблеми ќе се одрази врз заедницата?

Со самата примена на усклaдената шифра, т. е. состојбата во пракса, овие лица нема да имаат потреба да посетуваат психијатри и психолози за да ја добијат старата психијатриска дијагноза, која беше единствен начин со кој можеа да дојдат до соодветна хормонска терапија. Со воведувањето на новата шифра ќе се обезбеди целосната хормонска терапија која им е потребна на трансродовите лица, но и достапност до потребните хируршки интервенции. Со сензибилизацијата на здравствените работници, трансродовите лица ќе имаат полесен и побезбеден пристап до сите здравствени услуги.

**Контакт:**
transformamk@gmail.com
koalicijaszpmz@gmail.com

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА
TransFormA
Коалиција МАРГИНИ